# СЕМИНАРСКА РАБОТА + ТЕСТ

## РАСПОРЕД НА ОБВРСКИ:

**Вежба 5 (консултации):**
**- Термин 3: 11.01.2021 (понеделник) во истите термини за вежби по групи со почеток во 13.00 часот**

**ПРЕДАВАЊА:**

- **11.01.2021 Термин за предавање и консултации за семинарската работа/тестот со почеток во 09.00 часот**

**ВЕЖБА 5 И СЕМИНАРСКАТА РАБОТА СЕ ПРЕДАВААТ НАЈДОЦНА НА 16.01.2021 (сабота)**

**ВЕЖБА 5 се испраќа на маил адресата на инструкторот со кој сте соработувале (исто како и претходните вежби)**

**СЕМИНАРСКАТА РАБОТА се испраќа на маил адресата на професорот velevski.slobodan@arh.ukim.edu.mk**

# СЕМИНАРСКА РАБОТА + ТЕСТ

ИДЕЈНИ ПРЕТХОДНИЦИ НА СОВРЕМЕНИОТ ГРАД:

1. **Une Cite Industrielle**, Тони Гарние **ГРУПА 1**
2. **Welwyn garden city**, Ебенезер Хауард **ГРУПА 2**
3. **Amsterdam Zuid**, Хенрик Петрус Берлаге **ГРУПА 3**
4. **Une Ville Contemporaine**, Ле Корбизје **ГРУПА 4**
5. **Социјалистичкиот град Кузњецк**, Сибир Браќата Веснин **ГРУПА 5**
6. **Plan Macià Barcelona Генерален план за Барцелона**, Хозе Луис Серт **ГРУПА 6**
7. **План за Бразилија**, Лучио Коста **ГРУПА 7**
8. **Просторен град (Ville Spatiale),** Јона Фридман **ГРУПА 8**
9. **Проширување на Токио во заливот на градот (Tokyo bay project)**, Кензо Танге **ГРУПА 9**

**Групите (1-9) соодветствуваат со групите за вежби! Проверете ја групата во која се приклучувате за консултации на платформата Ms Teams и одработите ја семинарската работа за идејниот претходник на современиот град соодветно на таа група!**

**Студентите кои повторно го слушаат предметот во зимскиот семестар а не се дел од ниту една група за вежби треба да работат на темата на ГРУПА 3! Истата може да ја работат самостојно или во пар.**

# СЕМИНАРСКА РАБОТА + ТЕСТ

СТРУКТУРА НА СЕМИНАРСКАТА ЗАДАЧА:

**ДЕЛ1:** Вовед во главните општествени и културолошки околности кога настанува идејата. Да се направи преглед кои се клучните карактеристики на општествениот контекст, и да се набројат и објаснат проблемите и предизвиците со кои се соочувал постојниот градски простор во периодот кога настанува разгледуваната идеја. **500-700зборови**

**ДЕЛ 2:** Анализа на просторните и програмските карактеристики на избраниот проект. Да се наведат и објаснат главните особености на проектот кои се однесуваат на неговите просторни особености: каков просторен систем се предвидува, каков е соодносот на изградениот и неизградениот простор, какви функции се предвидуваат и кои од нив го дефинираат карактерот на просторот, кои се социјалните квалитети на проектот (доколку се јасно видливи) итн. **500-700 зборови**

**ДЕЛ 3:** Да се објасни релација помеѓу просторните и другите (социјални, функционални, празен наспроти неизграден простор, зеленило итн.) особености карактеристични за разгледуваната идеја за современ град, односно да се објасни влијанието на проектот/планот на процесот на осовременување на градскиот простор. Да се препознаат методолошките особености и постапки кои ги користи идејата при создавањето на урбанистичкиот план. Да се даде осврт кои аспекти на разгледуваната идеја се сеуште актуелни и се користат во современите градови денес. Да се објасни дали разгледуваниот план/проект припаѓа на дискурсот на архитектурата, урбаниот дизајн или урбанистичкото планирање и зошто! **1500-2000 зборови**

# СЕМИНАРСКА РАБОТА + ТЕСТ

**НАПОМЕНА:**

- Покрај текстуално објаснување семинарската работа треба да содржи графички прилози (цртежи, фотографии, дијаграми итн.) со кои се илустрираат објаснувањата на разгледуваната идеја.

- Сите извори (книги, фотографии, web наоди итн.) користени при изработка на семинарската треба да бидат наведени на крајот на трудот; користените цитати (доколку ги има) треба да бидат референцирани и ако е потребно дополнително да бидат објаснети во фуснота.

- Секоја семинарска работа треба да има насловна страна со име, презиме, број во индекс на авторот/авторите, наслов на проектот и учебна година. Семинарската работа се работи во парови или индивидуално (доколку работите самостојно на вежби). Истата се предава со испраќање на еден фајл на долунаведената email адреса!

- Сите прашања во врска со формалните и содржински аспекти на семинарскиот труд, ќе можат да се поставaт на 11.01.2021 во терминот за последното предавање во зимскиот семестар.

**Задачата се предава како посебен mail со именување на mail пораката и фајлот: СЕМИНАРСКА РАБОТА_Име и Презиме на авторот/авторите најдоцна во текот на 16.01.2021 (сабота) во pdf формат, текст фонт Arial големина 11, проред 1,5 со испраќање на адресата: velevski.slobodan@arh.ukim.edu.mk**

# СЕМИНАРСКА РАБОТА + ТЕСТ

**ТЕСТОТ СЕ РАБОТИ НА ДАТУМОТ И ВРЕМЕТО ПРЕДВИДЕНИ СО РАСПОРЕДОТ ЗА ОБВРСКИТЕ ВО КОЛОКВИУМСКАТА НЕДЕЛА.**

**1. Секој студент непосредно пред започнувањето на колоквиумот ќе добие mail во кој ќе има два attachment-a: PDF фајл во кој ќе биде приложена задачата и ACAD фајл на кој ќе го работи тестот.**

**2. Во предвидениот рок секој студент треба да го испрати тестот во посебен mail со именување на mail пораката и фајлот:** ТЕСТ_Име и Презиме на авторот **со испраќање на адресата: velevski.slobodan@arh.ukim.edu.mk**

**3. Тестот ќе биде даден во формат А2 (42/59.4). Доколку имате потреба форматот може да се зголеми!**

**4. Тестот се работи во размер 1:500**

**5. Тестот се испраќа како PDF фајл!**

# СЕМИНАРСКА РАБОТА + ТЕСТ

**ACAD фајл**



# СЕМИНАРСКА РАБОТА + ТЕСТ

**PDF фајл**



# СЕМИНАРСКА РАБОТА + ТЕСТ

**28.12.2020**

1. **СЕМИНАРСКАТА ЗАДАЧА ЌЕ БИДЕ „ПРИКАЧЕНА“ НА WEB СТРАНАТА НА АФ НА ПОСЕБЕН ЛИНК „СЕМИНАРСКА ЗАДАЧА“ НА ПРЕДМЕТОТ УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ 2**

2. **СО ЦЕЛ ДА ЈА ПРОВЕРИМЕ КОМУНИКАЦИЈАТА ПОМЕЃУ НАС, ОДНОСНО ДА ГИ ПРЕВЕНИРАМЕ МОЖНИТЕ ПРОБЛЕМИ ОД ТЕХНИЧКА ПРИРОДА, СЕКОЈ СТУДЕНТ ДЕНЕС ЌЕ ДОБИЕ MAIL ИМЕНУВАН „ПРОВЕРКА“**

3. **ДОКОЛКУ НЕМАТЕ ДОБИЕНО MAIL ВО ТЕКОТ НА ДЕНЕШНИОТ ДЕН ИСПРАТЕТЕ МИ ПОРАКА ДЕКА ГО НЕМАТЕ ДОБИЕНО ИСТИОТ НА velevski.slobodan@arh.ukim.edu.mk**

4. **ДОКОЛКУ ГО ДОБИЕТЕ MAIL-от НЕ ТРЕБА ДА ЈА ВОЗВРАТИТЕ ПОРАКАТА!**